# „Морската вода е чиста, а угинатите животните од морето се дозволени.“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува: Еден човек го прашал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, со зборовите: „О Аллахов пратенику, ние пловиме со бродови и со нас носиме малку вода, ако со неа земеме абдест, ќе ожедниме. Дали може да земеме абдест со водата од морето?“ Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Морската вода е чиста, а угинатите животните од морето се дозволени.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي والنسائي وابن ماجه وأحمد]

Еден човек го прашал Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем: „Патуваме со брод по морето заради риболов, трговија и слично, а со себе носиме малку вода за пиење. Ако ја користиме истата вода за абдест и гусул, ќе ни снема и ќе немаме што да пиеме. Дали е дозволено да земаме абдест со морска вода?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, за морската вода рекол: Нејзината вода е чиста и со неа се чисти. Дозволено е да се земе абдест и гусул со неа, а дозволено е да се јадат рибите, китовите и другите животни што излегуваат од морето, дури и ако се најдат мртви додека лебдат на грб без да бидат уловени.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/8355